


Библиотеката на МЦМС е збогатена со новата публикација „ **Граѓанска завршна сметка 2014** “ на проф. др. Никица Мојсоска Блажевска, која претставува водич низ Завршната сметка на Република Македонија. Таа треба да им послужи на граѓаните, на граѓанските организации, на студентите и општо на јавноста како алатка, преку која ќе се запознаат со основните поими и факти за буџетот на РМ.

Публикација го **олеснува читањето** и разбирањето на **„комплексниот“ буџет** и **завршната сметка** и им овозможува на граѓаните на Република Македонија да бидат активни чинители во **следење на трошењето** на јавните средства.

Публикацијата се состои од три дела. Првиот, дава општ преглед на поимите поврзани со јавните финансии и буџетот. Вториот дел е посветен на начинот на прикажување на податоците во завршната сметка на буџетот преку прегледи и примери, додека третиот дел дава детален осврт на приходите и расходите, како и на нивната структура. Авторката повремено прави споредба на домашниот, со буџетот на државата, обидувајќи се уште повеќе да го доближи ова четиво до граѓаните.

Издавањето на „Граѓанска завршна сметка 2014“ е дел од Програмата на УСАИД за антикорупција.